Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Бр. 02 - 388/6
11.09 2023 год.
НЕГОТИНО

Архивски знак. 0202
Рок на чување. ТРАЈНО
13.09 2023 год.
Потпис.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 а во врска со член 29 од Законот за јавните претпријатија ((„Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22 и 274/22),

Управниот одбор на Јавното претпријатие „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"- Неготино на својата редовна седницата одржана на ден **11.09.2023** година, донесе:

# СТАТУТ
# НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО-Неготино
**-пречистен текст-**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИНЕГОТИНО- Неготино поблиску се уредува начинот на вршење на дејноста и организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување,како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на јавното претпријаите.

### Член 2

Општина Неготино е основач и сопственик на јавното претпријатие и ги има ситеправа иобврски кои според Законот и другите прописи ги има како основач најавното претпријатие.

### Член 3

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИНЕГОТИНО - Неготино(во понатамошиот текст: јавното претпријатие) е основано заради вршење на комунална дејност, како дејност од јавен интерес.

Во извршување на дејноста од јавен интерес, јавното претпријаите својата работа и дејствување ја заснова на следните принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

### Член 4

Јавното претпријатие е основано со Одлука на Советот на Општината Неготино број08-60/12 од 24.01.2020година.

**Член 5**

Во работењето на јавното претпријатие, службен јазик е македонскиот јазиксо неговотокирилично писмо.

**Член 6**

Средствата за работењето и развојот на јавното претпријатие се обезбедуваат од приходите кои тоа ги остварува со сопственото работење, од кредитните средства и од други извори во согласност со закон.

Средствата од буџетот на Општина Неготино на јавното претпријатие се обезбедуваат со посебен акт на Советот на Општина Неготино, а во согласност со законот со кој се уредуваат условите и начинот за вршење на одделни стопански дејности од јавен интерес.

**Член 7**

При вработувањето во јавното претпријатие ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

## 1.ФИРМА И СЕДИШТЕ

**Член 8**

Фирмата на јавното претпријатие гласи:

-Јавно претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИНеготино.

Скратениот назив на фирмата гласи:

-ЈП ,,ПН “ Неготино.

**Член 9**

Седиштето на јавното претпријатије е во Неготино на ул. ,, Маршал Тито“ бб (СРЦ Младост).

**Член 10**

За промена на фирмата и седиштето на јавното претпријатие одлучуваУправниот одборпо претходно добиена согласност на Основачот.

## ПЕЧАТ И ШТЕМБИЛ

**Член 11**

Во своето работење јавното претпријатие употребува печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник 30 мм, и на него е испишан со кирилично писмо , на македонски јазик, полниот назив на јавното претпријатие.

Штембилот е во правоаголна форма со димензии во должина 56 мм и ширина 20 мм и на него е впишан текстот:

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО

Бр.______________

______________.20___ год.
НЕГОТИНО

Печатот содржи реден број под кој е издаден.

**Член 12**

Јавното претпријатие има свој знак на кој е впишано во централниот долен дел ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО, стрелка, коловоз и автомобил кои го формираат сообраќајниот знак за паркинг. Графичкиот приказ на знакот на јавното претпријатие е следниот:

Јавното претпријатие го користи својот знак во целокупната деловна надворешна и интерна комуникација.

**Член 13**

Начинот на употребата, ракувањето и чувањето на печатот и штембилот на јавнотопретпријатие се регулира со одлука на Директорот во согласност со закон.

## 3.ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ

**Член 14**

Во рамките на своите овластувања, јавното претпријатие го застапува и претставува Директорот на јавното претпријатие.

Директорот е овластен во името на јавното претпријатие да склучува договори и да презема други правни работи.

**Член 15**

Директорот на Јавното претпријатие може да определи вработен кој во негово отсуство гозаменува и го води тековното работење на Јавнотопретпријатие.

## 4.ДЕЈНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 16**

Јавното претпријатие е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа накомуналните дејности и сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за Општина Неготино.

**Член 17**

Во правниот промет и во односите со трети лица, јавното претпријатие истапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот. За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, јавното претпријаите одговара со целиот имот.

**Приоритетна дејност на јавното претпријатие е:**

**52.21.Услужни дејности поврзани со копнениот превоз;**

Заради остварување на својата претежна дејност, јавното претпријатие ги врши следниве активности:

- Дејности поврзани со копнениот превоз на патници,животни или стока
- Работи на паркиралишта или јавни гаражи, паркиралишта за велосипеди,
- Складирање на станбени автоприколки во зима.

Јавното претпријатие покрај приоритетна дејност, ги врши и следните активности:

- Одржување на јавниот простор за паркирање,
- Планирање и уредување на просторот на јавните паркиралишта,
- Чистење на улици и јавни површини и отстранување на снегот и мразот,
- Изградба,реконструкција и заштита на локалните патишта,придружни и услужни објекти лоцирани на јавните паркиралишта,
- Креирање и поставување на пропаганда на отворен простор,
- Дистрибиција или испорака на пропаганден материјал или примероци,
- Огласување преку медиуми, односно продажба на времето и просторот за различни видови на медиумско огласување,

Издавање(изнајмување) и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земенпод закуп.

- Отстранување на неправилно паркирани и нерегистрираните моторни и други возила од
јавните површини.

Останати дејности кои ќе ги врши јавното претпријатието се:

**- 42.99.Изградба на други објекти од ниска градба, неспоменати на друго место;**

**- 52.2. Придружни дејности во превозот;**

**- 93.11. Работа на спортски објекти.**

**- 43.21 електроинсталатерски работи**
**- Одржување на јавно осветлување.**

**Член 18**

Јавното претпријатие дејноста од јавен интерес, заради која е основано, ја врши трајно и без прекин и неговата работа е јавна и транспарента, во согласност со Законот,овој Статут и другите прописи со кои се уредуваат условите и начинот на вршење на дејноста од јавен интерес.

**Член 19**

Јавното претпријатие не може да врши промена на дејноста без претходно добиенасогласност на основачот.

## 5.ПРИНЦИПИ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ОДНОСИ

**Член 20**

Јавното претпријатие е должно да обезбеди јавност и транспарентност во финанските односи во своето материјално- финансиско работење, согласно Закон, овој Статут и меѓународните финансиски стандарди за јавниот сектор.

**Член 21**

Финансиските односи меѓу Општина Неготино, како основач и јавното претпријатие, согласно принципите на транспарентност во финансиското работење ќе бидат такви со што јасно ќе бидат прикажани:

а) средствата коишто се директно достапни на Општина Неготино за јавното претпријатие ,

б) средствата коишто се индиректно достапни од Општина Неготино на јавното претпријатие и

в) начинот и намената за кои средствата од точките а) и б) на овој став се ставаат на користење.

**Член 22**

Транспарентност во финансиските односи од ставот 1 на овој член ќе се применува,особено во следниве случаи:

а) порамнување на загубите од работењето;

б) обезбедувањето на капиталот;

в) неповратна помош или заеми под поповолни услови;

г) давање на финансиски поволности преку откажување од профит или поврат на пристигнатитесуми;

д) откажување од нормален поврат на искористените средства и

ѓ) компензирање на финансиското оптоварување воведено од страна на државните органи.

**Член 23**

Обврската за транспарентност на финансиските односи ќе се однесува на јавното претпријатие од моментот кога во секоја од последните две пресметковни години ќе оствари годишен бруто приход кој ќе надминува 2 милиониденари.

Јавното претпријатие во овие услови ќе биде должно да води посебни сметки во следнивеслучаи:

1) ако покрај дејноста од јавен интерес врши и други дејности;

2) ако има ексклузивни права во вршењето на дејноста од јавен интерес и

3) добива државна помош во која било форма вклучувајќи помош, поддршка или компензација во врска со вршењето на дејностите од јавен интерес.

Преку посебните сметки од ставот 2 на овој член треба јасно да се прикажат:

а) приходите и расходите коишто настанале од различните дејности и

б) целосни податоци за методот со кој приходите и расходите се назначени или алоцирани на различните дејности.

За да се обезбедат целите од ставот 3 на овој член, потребно е:

а) внатрешното сметководство кое се однесува на различните дејности да е одвоено;

б) сите приходи и расходи се коректно означени или алоцирани врз основа на конзистентно,
објективно и праведно применување на сметководствените начела и

в) сметководствените начела според кои се одржуваат одвоените сметки да се јасно засновани на
меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

**Член 24**

Јавното претпријатие, согласно принципите на транспарентост во финасиските односи има обврска да доставува тримесечни извештаи до Општина Неготино кои ќе содржат показатели за финансиското работење.

Финансиските извештаи треба да бидат презентирани согласно меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор.

## 6.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 25**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано ја врши наначин со кој се обезбедува:

1) Техничко-технолошко и економско единство на системот;

2) Ефикасност и транспарентност во работењето;

3) Заштита и унапредување на добрата од јавен интерес;

4) Усогласеност на развојот на јавното претпријатие со развојот на Општина Неготино и севкупниот економски развој;
5) Уредно, трајно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услугите на јавното претпријатие и
6) Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

**Член 26**

Јавното претпријатие, во вршење на дејност од јавен интерес, се организира на начин сокој се обезбедува единственост, ефикасност и ефективност во процесот на работење.

Дејноста на јавното претпријатие се организира во рамки на организациони единици, според однапред утврдена Програма и план.

**Член 27**

Организационите единици на јавното претпријатие претставуваат и дејствуваат какоединствена целина во рамките на јавното претпријатие и немаат својство на правни лица.

Со организационите единици раководи Раководител кој го именува Директорот најавното претпријатие.

**Член 28**

Основањето на нови организациони единици, спојување, укинување или поделба на постојните се врши со Одлука за изменување и дополнување на општите акти, односно со Правилникот за Внатрешна организација, делокруг и начин на извршување на задачите на јавното претпријатие, што ја носи Управниот одбор на јавното претпријатие, а во согласност со Програмата за работа и потребите на ефикасно и ефективно вршење на работите од јавен интерес.

**Член 29**

Организација на јавното претпријатие подетално се уредува со:

- Правилникот за Внатрешна организација, делокруг и начин на извршување на задачите на јавното претпријатие и
- Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие.

**Член 30**

Јавното претпријатие може да основа подружници.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

Подружниците од став 1 на овој член претставуваат деловни единици на јавното претпријатие преку кои непосредно се извршува основната дејност на јавното претпријатие. Бројот на подружниците, нивниот назив, седиште како и дејноста која ќе ја вршат се определува со посебна одлука која ја донесува Управниот одбор на јавното претпријатие, по претходно добиена согласност од основачот.

## 7.ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 31**

Органи на јавното претпријатие се:

- Управниот одбор
- Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење и
- Директорот.

## 7.1. УПРАВЕН ОДБОР

**Член 32**

Орган на управување на јавното претпријатие е Управен одбор.

Управниот одбор на јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена.

Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува со Решение основачот на јавното претпријатие.

За член на управниот одбор на јавното претпријатие се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 4 на овој член, членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- два члена на управниот одбор треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика,

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и

- најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 32-а**

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие, три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општина Неготино, Советот на општина Неготино распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица, на својата веб-страница и на веб-страницата на јавното претпријатие.

Јавниот повик од ставот 1 на овој член особено содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети од член 32 од овој Статут.

На јавниот повик од ставот 1 овој член може да се пријават сите заинтересирани кандидати, а со пријавата доставуваат и документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик.

Формата и содржината на јавниот повик од ставот 1 овој член, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите, како и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управниот одбор, ги пропишува министерот за економија.

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие, на предлог на градоначалникот на Општина Неготино, Советот на Општина Неготино, формира Комисија за селекција составена од:

- претседател и негов заменик, вработени во Општина Неготино,
- еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во Општина Неготино,
- еден член и негов заменик, вработени во ЈП „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино.

**Член 32-б**

Постапката за селекција на членови на управниот одбор на јавното претпријате се состои од две фази и тоа:

- административна селекција и
- интервју.

**Член 32-в**

Административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот повик, проверка на доставените докази и нивно бодување.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува.

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодување на стекнато образование и работно искуство во струката.

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик.

**Член 32-г**

Комисијата од член 32-а став 5 од овој Статут најдоцна десет дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите што успешно ја поминале административната селекција.

Точниот датум, време и место на одржување на интервјуто се објавуваат на вебстраницата на основачот на јавното претпријатие.

На интервјуто, преку ситуациони прашања, се проверуваат општите работни компетенции за член на управниот одбор, а преку стручни прашања или практични задачи, се проверуваат посебните работни компетенции и се врши нивно бодување.

Во рок од три дена од денот на спроведувањето на интервјуто, согласно со освоените бодови од административната селекција и интервјуто, од кандидатите кои освоиле најмалку 60% од вкупниот број на бодови од сите фази на постапката за селекција, Комисијата од член 32-а став 5 од овој Статут подготвува и до основачот на јавното претпријатие доставува ранг- листа од најмногу 15 најдобро рангирани кандидати за членови на управниот одбор, која се објавува на веб-страницата на основачот на јавното претпријатие.

Основачот на јавното претпријатие најдоцна 15 дена од денот на приемот на предлогот од ставот 4 на овој член, донесува одлука за именување на членови во управниот одбор на јавното претпријатие од редот на најдобро рангираните кандидати.

Основачот на јавното претпријатие и јавното претпријатие се должни во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот 5 на овој член на својата веб-страницата да ги објават кратките биографии на сите членови на управниот одбор.

**Член 32-д**

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

**Член 32-ѓ**

Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно со членот 11 точка 7 од Законот за јавните претпријатија.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи:

- по негово барање,
- ако неоправдано отсуствува на седниците на управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година,
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно со одредбите од овој Сатут и Законот за јавните претпријатија. Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување.

Советот на општина Неготино назначува вршители на должност членови на управен одбор на предлог на градоначалникот.

**Член 33**

Член на Управниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во јавното претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето во јавното претпријатие.

Секој член на управниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

**Член 34**

Управниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

Претседателот на Управниот одбор ги свикува и раководи со седниците на Управниот одбор, се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 35**

Управниот одбор на јавното претпријатие ги има сите овластувања да презема мерки кои се потребни и корисни заради постигнување на целите на јавното претпријатие во согласност со законот.

Управниот одбор на јавното претпријатие:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ја усвојува годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средства остварени со работењето најавното претпријатие и покривањето на загубите;
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите;
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие и ги донесува Правилникот заВнатрешна организација, делокруг и начин на извршување на задачите на јавнотопретпријатиеи Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие;
9. Донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
10. Донесува Одлука за висината на паричниот надоместок за Претседателот и членовите на Управниот одбор и Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење;
11. Донесува општи акти, односно акти што се утврдени во надлежност на директорот;
12. Одлучува за економски, организациони и технолошки промени во јавното претпријатие;
13. Формира постојани и повремени работни тела;
14. Усвојува извештај за попис на основните средства;
15. Одлучува за наградување на Директорот;
16. Одлучува за службени патувања на Директорот на јавното претпријатие во странство;
17. Се грижи за информирање на работниците

18. Склучува колективни договори;
19. Разгледува сугестии и забелешки на синдикатот во остварување на правата на работниците, нивната материјална положба и условите за работа утврдени со колективниот договор на јавното претпријатие и другите акти;
20. Донесува мерки за заштита и унапредување на животната средина;
21. Одлучува по приговори на работниците во сферата на заштитата на правата и обврските од работен однос;
22. Определува потписници на единствената жиро сметка на јавното претпријатие;
23. Врши и други работи утврдени со закон, одлуките на Основачот, овој Статут и општите акти на јавното претпријатие.

Управниот одбор во согласност со Советот на Општина Неготино одлучуваза:
- донесување на статутот;
- донесување на програмата за работа и развој на јавното претпријатие
- годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие
- цените на производите и услугите на претпријатието;
- средства остварени со работењето на јавното претпријатие и покривањето на загубите;
- инвестиционата програма на претпријатието.

Претседателот на управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седница на Советот на Општина Неготино, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на управниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие со одлука го утврдува Советот на општина Неготино.

**Член 36**

Основачот, по предлог на министерот надлежен за работите од соодветната дејност може да му даде на управниот одбор на јавното претпријатие насоки од општ карактер во поглед на вршењето на одделни работи од делокругот на

управниот одбор утврдени во членот 36 од овој Статут, а кои основачот смета дека се од негов интерес.

Насоките од општ карактер од ставот 1 на овој член не можат да се однесуваат на секојдневното управување со јавното претпријатие.

**Член 37**

Управниот одбор може полноправно работи и одлучува доколку на седница се присутниповеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Секој член на Управниот одбор има еден глас.

Работата и начинот на одлучување на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 38**

Јавно претпријатие не може на претседателот или на член на управниот одбор, на претседателот или на член на надзорниот одбор или на директорот на јавното претпријатие да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член е ништовна и безправно дејство.

**Член 39**

Членовите на Управниот одбор во донесувањето на одлуките со кои се нанесува штета на јавното претпријатие одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со донесувањето на таквите одлуки. Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваа на органите на управување.

## 7.2. ДИРЕКТОР

**Член 40**

Орган на раководење на јавното претпријатие е Директорот.

Директорот на јавното претпријатие го избира, односно разрешува Градоначалникот на Општина Неготино, врз основа на јавен конкурс.

**Член 41**

За директор на јавното претпријатие може да се именува лице кое покрај општите условипредвидени со закон треба да ги исполнува и следните посебни услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има минимум пет години работно искуство,
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

Мандатот на директорот трае 4 години, со право на повторен избор.

**Член 42**

Директорот во рамките на своите права и должности:

1. Го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор;
2. Учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој;
3. Учествува во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие,
4. Врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие
5. Донесува акти и дава налози и упатства за извршување на работите од неговиот делокруг, за спроведување на основите на Програмата за работа и развој и дава предлози за изменување и дополнување на истата;
6. Го застапува и претставува јавното претпријатие, склучува договори и превзема други правни работи во согласност со Закон
7. Ја предлага внатрешната организација на јавното претпријатие;
8. Ги именува и разрешува раководните работници во јавното претпријатие;
9. Одлучува за награди и казни на вработените по доставени предлози;
10. Ги предлага Правилникот за Внатрешна организација, делокруг и начин на извршување на

    задачите на јавното претпријатие и Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие;
11. Предлага донесување на акти од делокругот на Управниот одбор;

13. Ги донесува актите кои не се во надлежност на Управниот одбор, а се однесуваат на раководењето на јавното претпријатие; Донесува Годишна програма за стручно усовршување и обука на вработените во јавното претпријатие;

14. Поднесува извештај до Управниот одбор и основачот, за резултатите од работењето на јавното претпријатие по периодична и годишна пресметка;

15. Го прати и анализира извршувањето на плановите и договорните обврски и презема мерки за нивно остварување;

16. Превзема мерки за подобрување на организацијата на работата и зголемувањето на ефикасноста и продуктивноста;

17. Донесува Одлука за работното време на работниците и одмор во текот на работата;

18. Го организира информирањето на работниците;

19. Се грижи за остварување на обврските на јавното претпријатие од областа на безбедноста и здравјето при работа, согласно законот;

20. Одлучува за награди и казни на вработените во јавното претпријаите;

21. Одлучува за службени патувања на работниците во јавното претпријатие;

22. Донесува Правила за работен ред и дисциплина;

23. Донесува одлука за потреба за засновање на работен однос, распоредување на работници на работно место и престанок на работниот однос во согласност со Закон;

24. Обезбедува мерки за заштита на работниците и животната средина и

25. Врши и други работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со Закон, овој Статут и други акти на јавното претпријатие.

**Член 43**

Директорот на јавното претпријатие склучува договор со Градоначалникот на Општина Неготино за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, обврските и овластувањата согласно законот.

Директорот е одговорен за резултатите од своето работење пред Градоначалникот на Општина Неготино.

Директорот во извршувањето на одлуките со кои се нанесува штета на јавното претпријаите одговара неограничено за штетата настаната со извршување на таквите одлуки.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 44**

Функцијата директор и член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија и функциите

претседател и членови на Владата на Република Македонија, како и член на Совет и Градоначалник на општина.

**Член 45**

Директорот, членовите на управниот одбор и членовите на надзорниот одбор, ако извршат, односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука.

Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

**Член 46**

Директорот на јавното претпријатие може да биде разрешен и пред истекот на мандатотза кој е избран:

- На лично барање;
- Не ја остварува програмата за работа на јавното претпријатие;
- По негова вина е нанесена штета на јавното претпријатие;
- Не работи во согласност со Закон, Статут и
- Други случаи утврдени со закон.

**Член 47**

ДоименувањенановДиректор,ГрадоначалникотименувавршителнадолжностДиректор на јавното претпријатие.

**Член 48**

Директорот може да определи вработен во јавното претпријатие кој го заменува во неговоотсуство и го води тековното работење на јавното претпријатие.

Вработеното лице го заменува Директорот на јавното претпријатие во негово отсуство или спреченост да ја врши функцијата, со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот, согласно Законот и овој Статут.

## 7.3.НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 49**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавното претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

**Член 49-а**

Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 32-а, 32-б, 32-в, 32-г, 32-д и 32-ѓ од овој Статут кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управниот одбор.

**Член 50**

Член на надозрниот одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во јавното претпријатие или трговско друштво кое е во деловни односи со јавното претпријатие, кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во неговата работа и одлучување.

Секој член на надзорниот одбор, односно директорот на јавното претпријатие, се должни да го предупредат основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на надзорниот одбор.

**Член 51**

Надзорниот одбор избира претседател од редот на своите членови.

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува и раководи со седниците на Надзорниот одбор, се грижи за извршување на актите на Надзорниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

**Член 52**

Надзорниот одбор може полноважно да работи ако на седницата присуствуваат повеќе одполовината од вкупниот број на членовите.

Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Секој член на Надзорниот одбор има еден глас.

Работата и начинот на одлучување на Надзорниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

Надозрниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

**Член 53**

Надзорниот одбор врши контрола на материјално финансиското работење на јавнотопретпријатие и својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени во законот и Статутот.

Во извршувањето на својата работа Надзорниот одбор може на лице место да гипроверува деловните книги, документи и списи на јавното претпријатие.

Надзорниот одбор за вршење на одредени стручни работи од надзорот, може да задолжи одделни членови или надворешни стручни лица.

**Член 54**

Членовите на надзорниот одбор можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.

Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор.

Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии.

Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола.

Надзорниот одбор за контрола копија од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

**Член 54-а**

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на, Советот на општина Неготино, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот од ставот 3 на овој член со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

## 7.4.РАКОВОДНИ РАБОТНИЦИ

**Член 55**

Раководни работници се работници со посебни овластувања и одговорности кои раководат со секторите.

Раководните работници ги именува и разрешува Директорот и за својата работа одговараат пред него.

**Член 56**

Раководните работници раководат и ја организираат работата во организационите единици, во рамки на добиените овластувања и ги спроведуваат налозите, упатствата и наредбите на директорот.

Раководните работници се одговорни за резултатите и за законитоста во работењето насекторите.

**Член 57**

Условите за избор на раководните работници, овластувањата и одговорносите, како и описот на работните обврски се утврдуваат со Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие.

## 7.5. РАБОТНИ ТЕЛА

**Член 58**

За успешно функционирање и подобрување на работата на јавното претпријатие, како и за остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во јавното претпријатие се формираат комисии и работни тела.

Во јавното претпријатие по потреба може да се формираат постојани и повременикомисии и работни тела.

Комисиите и работните групи ги формира Управниот одбор и Директорот на јавното претпријатие, секој во доменот на своите надлежности и овластувања.

Надлежноста, начинот на работа, мандатот и други прашања во врска со комисиите и работните тела се уредуваат со Одлуката за формирање на комисијата.

## 7.6. ОПШТИ АКТИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 59**

Општи акти на јавното претпријатие се:

1. Статут на јавното претпријатие;
2. Правилникот за Внатрешна организација, делокруг и начин на извршување на задачите на јавното претпријатие
3. Правилникот за систематизација на работните места во јавното претпријатие
4. Правилникот за платите, надоместоците на платите и другите примања
5. Кодекс на деловно однесување на вработените во јавното претпријатие
6. Колективен договор на јавното претпријатие
7. Други акти во согласност со Закон.

**Член 60**

Постапката за донесување, измена и дополнување на општите акти се покренува соиницијатива на Директорот, Управниот одбор, Надзорниот одбор, како и мнозинскиот Синдикат. Директорот, односно Управниот одбор ја ценат оправданоста на покренатата иницијативаод ставот 1 на овој член.

**Член 61**

По прифатена иницијатива, Секторот за правни работи и човечки ресурси во рок од 30дена го подготвува работниот текст на општиот акт.

Општите акти мора да бидат во согласност со законските прописи и со овој Статут. Општите акти се објавуваат на огласна табла и влегуваат во сила со денот на објавување, а доколку е потребна согласност од Советот на Општина Неготино, општиот акт ќе се применувапо добивањето на согласност.

## II РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

### 1.Уредување на односите во јавното претпријатие

**Член 62**

Односите во јавното претпријатие се уредуваат со Статутот и другите општи акти на јавното претпријатие.

Статутот е највисок акт на јавното претпријатие.

Сите други акти на јавното претпријатие мораат да бидат во согласност со одредбите наСтатутот.

### 2.Имот на јавното претпијатие

Имотот на јавното претпријатие го сочинуваат сите објекти, средства, пари и права со кои располага јавното претпријатие.

**Член 64**

Јавното претпријатие работи со единствена жиро сметка.

### 3.Планирање и развој

**Член 65**

Јавното претпријатие донесува среднорочни и годишни планови за работа и развој согласност со програмите за развој на Општина Центzар, со цел за обезбедување на трајно и континуирано вршење на дејноста, подигање на нивото на квалитетот на услугите и зголемување на успешноста во работењето.

Основачот и јавното претпријатие, врз основа на условите и задачите утврдени со програмите за развој на Општината и врз основа на објективните потреби на дејноста и расположивите материјални можности, заеднички со годишниот план ги утврдуваат обемот и квалитетот на услугите и потребните средства за извршување на планот.

**Член 66**

Средствата за развој на јавното претпријатие се обезбедуваат од средствата остварени преку наплата на цената на услугата.

**Член 67**

Основачот, вишокот на средствата остварени од работењето на јавното претпријатие говложува во јавното претпријатие врз основа на детални финансиски планови.

Јавното претпријатие е должно годишно да изработува детален финансиски план кој ќе ги содржи сите приходи и расходи на јавното претпријатие и инвестициите со динамика на нивно реализирање.

## III. ПОЛОЖБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 68**

Вработените во јавното претпријатие имаат положба, права и обврски од работниот однос, согласно Законот за работните односи,Законот за административни службеници и колективен договор.

## IV. СОРАБОТКА СО СИНДИКАТОТ

**Член 69**

Јавното претпријатие во согласност со Законот, Статутот и Колективниот договор обезбедува услови за работа и делување на синдикатот.

**Член 70**

Синдикатот може на органите на јавното претпријатие да им поднесува предлози, мислења и забелешки во врска со остварувањето и заштитата на правата на работниците утврдени со закон, овој Статут, Колективниот договр и другите општи акти.

По однос на поднесените предлози, мислења и забелешки, органите на јавното претпријатие заземат став и за истиот го известуваат Синдикатот во рок утврден со општиот акт на јавното претпријатие со кој се уредува заштитата на правата на работниците.

## V. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ШТРАЈК

**Член 71**

Вработениот во јавното претпријатие го остварува правото на штрајк под услови утврдени со Закон, Колективниот договр и Одлуката на Основачот.

## VI. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 72**

Јавното претпријатие го остварува и развива системот на информирање на корисниците на услуги, како битна претпоставка за својата функција во комуналната дејност во Општина Неготино. Актите што се од значење за

корисниците на услугите на јавното претпријатие се објавуваат во Службен гласник на Општина Неготино.

Јавното претпријатие е должно за својата работа, работење и развојни програми редовно да ја информира јавноста преку средствата за јавно информирање и на друг соодветен начин.

**Член 73**

Јавното претпријатие е должно редовно, навремено, целосно и вистинито да ги информира вработените за сите прашања кои се важни за работата и развојот на јавното претпријатие, како и за остварувањето на нивните права. Вработените во јавното претпријатие се информираат преку билтен, огласни табли и други форми на информирање

**Член 74**

Управниот одбор и директорот одговорни се за редовно, благовремено, целосно и вистинито информирање на работниците за сите прашања кои се битни за работата и развојот на јавното претпријатие како и за остварувањето на нивните права.

**Член 75**

Основачот има право на увид во деловнтие книги на јавното претпријатие. Деловнитекниги се водат во согласност со постојните прописи.

## VII. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 76**

За деловна тајна се сметаат податоците што надлежен орган ги прогласил за деловнатајна и што како доверливи, јавното претпријатие ги соопштило на надлежниот орган.

Податоците што се сметаат за деловна тајна можат да се соопштат на трети лица, само врз основа на одлука на Управниот одбор на јавното претпријатие.

Не се смета за повреда на деловна тајна, ако податоците или документите за деловна тајна се соопштат на органи, организации или лица на кои им се соопштува согласно законските прописи и на седница на Управниот одбор, ако таквото соопштение е неопходно за вршење на дејноста.

**Член 77**

Податоците штопреставуваат деловнатајнасечуваатодвоеноодостанататадокументација на јавното претпријатие.

Користењето на податоците што претставуваат деловна тајна, дозволено е да се користи од овластени лица само во просториите на јавното претпријатие.

Оддавањето на деловна тајна претставува тешка повреда на работните обврските.

## VIII. ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

### Член 78

Во случај на нарушување на работењето, односно вршењето на дејноста на јавното претпријатие или ако јавното претпријатие не ги извршува со закон утврдените обврски, а што не е последица на неизвршувањето на обврските од страна на основачот утврдени со актот за основање, основачот може да презема мерки со кои се обезбедуваат услови за непречено работење на јавното претпријатие.

### Член 79

Нарушувањето на работењето на јавното претпријатие, се смета дека настапило:

1. Ако со начинот на работењето на јавното претпријатие не се обезбедува трајно и непречено вршење на работите во пружање на услуги или остварување на планот за развој на начин утврден со Законот со што се нанесува штета или може да се нанесе штета на корисниците;
2. Ако со располагање на средствата се менува основната намена на средствата, се менуваат и основните услови за работење на јавното претпријатие утврдени во согласност со законот, заради остварување на јавниот интерес во јавното претпријатие, со што суштествено се отежнува вршењето на неговата дејност утврдена со актот за основање; и
3. Во други случаи утврдени со Законот.

### Член 80

Во случаите од член 78 од овој Статут, спрема јавното претпријатие,основачот може да гипреземе следниве мерки:

1.Да го разреши, Управниот одбор;
2.Да го разреши Надзорниот одбор;
3.Да ја промени организацијата на јавното претпријатие;
4.Да го запре од извршување актот на јавното претпријатие кој е спротивен на Законот;
5.Да го запре од извршување актот на јавното претпријатие ако го доведува во прашање остварувањето на основните функции на јавното претпријатие; и

6. Други мерки утврдени со посебниот закон со кој се уредуваат условите и начинот на вршење на одделна дејност од јавен интерес.

**Член 81**

Ако биде преземена мерката од точката 2 од членот 80 од овој Статут, основачот ги пренесува овластувањата на Управниот одбор на еден или повеќе претставници кои се именуваат со мандат од најмногу шест месеци.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 82**

Толкување на одредбите на овој Статут и на другите општи акти дава Управниот одбор.

**Член 83**

Овој Статут како и актите кои подлежат на согласност на основачот, по добиената согласност,се објавуваат во „Службен гласник на Општина Неготино“ и на огласната табла на јавното претпријатие.

**Член 84**

Со влегување во сила на овој Статут престануваат да важат Статутот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИНЕГОТИНО“ Неготино бр.02-229/5 од 18.05.2023 година.

**Член 85**

Овој Статут стапува на сила по добиената согласност од страна на Советот на ОпштинаНеготино и истиот се објавува во Службен гласник на ОпштинаНеготино.

**Управен Одбор на**
**ЈП,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО,, Неготино**
**Претседател**
**Илија Пенков**

ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Неготино